Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 јануари 2021 година

**Скопје, јануари 2021 година**
**З А П И С Н И К**
**од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јануари 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:45 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и

водостопанство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 јануари 2021 година

2. Предлог - уредба за утврдување на висината на надоместокот за складирање и чување на задолжителните резерви

3. Предлог - уредба за начинот на утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар

4. Програма за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година, со предлог-одлуки

5. Годишна програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, со Предлог-одлука

6. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, со Предлог - одлука

7. Предлог- програма за развој на спорт и млади за 2021 година

8. Предлог - програма за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2021 година

9. Предлог - програма за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2021 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

10. Предлог - одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ Ц.О. - Скопје за 2021 година

11. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности „Хидросистем Злетовица“- Пробиштип за 2021 година

12. Предлог - одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје за 2021 година

13. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

14. Информација за напредокот за организирање и спроведување на NATO EADRCC вежба „Северна Македонија 2020“, за период од 20 март 2020 година до 20 септември 2020 година

15. Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година, со Предлог - одлука

16. Информација за добивање на претходна согласност за продажба на радиофармацевтски препарати, со Предлог-одлука

17. Извештај за извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за заемна заштита на разменетите класифицирани информации, со усогласен текст на Договор

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција

19. Предлог - програма за инвестирање во животната средина за 2021 година

20. Предлог - програма за водостопанство за 2021 година

21. Предлог - план за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати

22. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“, Општина Ѓорче Петров

23. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални

суровини на локалитетите „Острата Скрка“ Општина Струмица и „Мирковец“ Општина Василево, со предлог - решенија

24. Информација за потребата од склучување на Омнибус Амандман на Договорите за заем со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, со текст на Омнибус Амандман

25. Информација за текот на постапката пред Управен суд против Одлука на Државната комисија за жалби по јавни набавки за поништување на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Душегубица“ на користење - концесија, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 22 од 31.1.2020 година)

26. Информација за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовна зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, со Предлог- одлука

27. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија на мало и големо извоз-увоз „Ивила“ ДООЕЛ Штип, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Златко Вангелов, ул. „Желковец“ бр.9 Кавадарци со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул. „Словенска“, бр.38, Кавадарци, со Предлог - одлука

30. Предлог - одлука за укинување на увозните давачки - царинските стапки на одделни суровини и репроматеријали кои се употребуваат во преработувачката индустрија

31. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Липково

32. Предлог - одлука за престанување на важење на Одлуката за основање на туристичка развојна зона „Љубаништа 1“

33. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија

34. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта

35. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

36. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за категоризација, обем на користење и работно време на граничните премини

37. Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

38. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол за изменување и дополнување на Договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, со Нацрт текст на Протокол

39. Информација со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија

40. Информација за потпишување на Договорот за правниот статус на мисиите и претставниците на трети држави при Организацијата на Северноатлантскиот договор, со текст на Договор

41. Извештај за завршените преговори за усогласување на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република кој се однесува на основањето и на активностите на Француската агенција за развој, на Пропарко и на Експертиза Франција во Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договорот

42. Информација за потпишување на Писмо за спогодба меѓу Република Северна Македонија и Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал, со Писмо за спогодба

43. Предлог-решение за изменување на Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје

44. Предлог-одлука за давање согласност на студиските програми од втор циклус на студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје

45. Информација за спроведување на Законот за употреба на јазиците и унифицирање на пишаната форма во Владата на Република Северна Македонија и во Собранието на Република Северна Македонија

46. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за мрежата на здравствени установи

47. Предлог- одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Неготино“ - Неготино од областа на неврологијата

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом Куманово

49. Информација за прогресот и активностите како и за потребата за потпишување на Анекс на договорот за градба на Клиничка болница Штип

50. Информација во врска со Годишниот извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2019 година, со текст на Годишен извештај

51. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука

52. Предлог-декларација за осуда на бугарските национал-шовинистички претензии

53. Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акционен план на Стратегија

54. Годишна програма за работата на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2021 година

55. Барање за давање автентично толкување на членот 45 од Законот за урбанистичко планирање поднесено од градоначалникот на Општина Центар

56. Барање за давање на автентично толкување на член 57 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), поднесено од пратеникот Диме Велковски

57. Информација за состојбата со тутунот од реколта 2020-2021 заклучно до 21.12.2020 година

58. Иницијатива поднесена од Сашо Хилјадников од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.279/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 20 од Правилникот за начинот на спроведување на возачки испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки

испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/2016)

59. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот КП 2718 на место викано Лопушник запишано во Имотен лист бр.102145 за КО Бутел

60. Понуда од нотар Фатмир Ајрули за продажба на недвижен имот што се наоѓа на КП 700, дел 2, викано место/улица Два Бреста, катастарска култура класа 4, со површина од 8972 м2, запишано во Имотен лист бр.473 за КО Страчинци

61. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10047 за КО Караорман, на КП бр.1631, м.в. Село

62. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4488 за КО Драчево 2, на КП бр.9609

63. Понуда од нотар Никола Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101221 за КО Охрид 4 на КП бр.1644 викано место/улица „Трново“

64. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2085 за КО Злокуќани на КП бр.7060 викано место/улица с. Злокуќани

65. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.38 за КО Бутел на КП бр.5675 викано место/улица „Железарска“

66. Понуда од нотар Џеват Бучи за купопродажба на недвижен имот со КП 4146, дел 1 и КП 4146, дел 16, запишани во Имотен лист бр.23446 за КО Сингелиќ 1 и КП 4146, дел 2 запишан во Имотен лист бр.23445 за КО Сингелиќ 1

67. Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје, за трета усна јавна продажба, доставен под И.бр.1866/15, што ќе се одржи на 20 јануари 2021 година

68. Кадровски прашања

69. Прашања и предлози

70. Годишна програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година

71. Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година

72. План за годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година

73. Информација во врска со реализација на активностите (постапување по исходите), кои произлегуваат од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016 - 2020 година

74. Информација за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус-производи од животинско потекло

75. Ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Годишна сметка за 2019 година

76. Информација за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година (полугодишен извештај за периодот септември 2019 година - март 2020 година)

77. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерство за труд и социјална политика (за период јули - ноември 2020 година)

78. Информација со акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година во ЈЗУ Општа болница - Кавадарци со проширена дејност

79. Информација за реализација на проектот „Третман на отпадни води во Кочани“

80. Информација за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови“ со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот

81. Извештај за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2019 година

82. Информација со Предлог-план за преземање на не распределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програма К-5

83. Предлог на закон за буџети

84. Информација за исплата на пензии за месец јануари 2021 година

85. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка

86. Предлог - одлука за формирање на Работна група за подготовка на методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди

87. Информација во врска со доставен Повик за донација од Здружението на граѓани Обнова Глобал - Струмица

88. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 јануари 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 јануари 2021 година.

2. Да се продолжи работното време на угостителските објекти наместо до 18 часот да биде до 21 часот, а исклучок од оваа мерка да бидат угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 2**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - уредбата за утврдување на висината на надоместокот за складирање и чување на задолжителните резерви за некоја од наредните седници, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 3**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - уредбата за начинот на утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 4**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година, со предлог-одлуки, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да постапи по укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

Исто така, предлагачот да достави пополнети табеларни прегледи, согласно урнеците за финансиско информирање, со споредбени биланс на состојба и биланс на успех, од претходните години.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, со Предлог-одлука и условно ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година со заклучок предлагачот да го коригира текстот на Одлуката согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство како и да се имаат предвид укажувањата на Министерството за финансии по материјалот.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Истовремено:

- се задолжува предлагачот да достави нов текст на Предлог - програмата и нов текст на образложение усогласени со Мислењето на Министерството за финансии,

- се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави мислење,

- предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за развој на спорт и млади за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2021 година (најнов текст) и ја донесе Програмата со следниве заклучоци:

1. Во Описот на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Програма 2 - спорт и Потпрограма 2А - спортски објекти, со реден број 1.1. Проект „Изградба на пливачки базен во општина Охрид“ финансиските средства да се намалат за износ од 6.000.000,00 денари, кои да се прераспределат на следниов начин:

- под реден број 2.8 - Проект „Реконструкција на фудбалско игралиште во с. Чегране, Гостивар“ да се додадат 3.000.000,00 денари и

- под реден број 2.12 - Проект „Реконструкција на фудбалско игралиште во Зајас“ да се додадат 3.000.000, 00 денари.

2. Се задолжуваат директорот и заменикот на директорот на Агенцијата за млади и спорт да одржат прес конференција на која да ја презентираат Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2021 година, вклучително со новите затворени училишни базени во општините кои доставиле соодветна локација.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2021 година за финансирање на националните

спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија Ц.О. - Скопје за 2021 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за напредокот за организирање и спроведување на NATO EADRCC вежба „Северна Македонија 2020“, за период од 20 март 2020 година до 20 септември 2020 година за наредната седница на Владата со следните заклучоци:

1. Заклучокот под број 1 да се преформулира дека вежбата се однесува за 2020 година, аналогно на насловот на Информацијата.

2. Заклучокот под број 2 редакциски да се преработи и да се имаат предвид мислењата на институциите од истиот, во насока дали задолжението можат да го реализираат, имаат пренесено финансиски средства од своите буџети за 2020 година или предвидено нови финансиски средства за реализација на вежбата од своите буџети за 2021 година.

3. Предлог - заклучоците да се дополнат со трет предлог - заклучок со кој предлагачот ќе се задолжи до Владата да достави информација за прогрес за преземање на активности за организирање и спроведување на вежбата во 2021 година, со предложен рок до кога би се доставила истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**<u>Точка 15</u>**

Владата ја одложи од разгледување Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година, со Предлог - одлука за наредната седница на Владата со следните заклучоци:

1. Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2021 година да се измени и дополни, согласно расправата на седницата на Владата (во делот „проекти кои ќе отпочнат во 2021 година“ да се избрише последната ставка „и други проекти“, во делот „Охрид (Требениште - Струга - Ќафасан, согласно укажувањата на УНЕСКО да се додаде „доколку УНЕСКО даде позитивно мислење, во делот за автопатски правци Битола - Прилеп и Тетово - Гостивар - Букојчани по зборовите „физибилити студија“ да се додадат зборовите „по фидик правилата“ и друго).

2. На седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта кога повторно ќе се разгледува Годишната програма да присуствува, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, а по можност и м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**<u>Точка 16</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на претходна согласност за продажба на радиофармацевтски препарати, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Универзитетски институт за позитронска емисиона томографија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 17**

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори за текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за заемна заштита на разменетите класифицирани информации, со усогласен текст на Договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за заемна заштита на разменетите класифицирани информации.

2. Го определи д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за заемна заштита на разменетите класифицирани информации.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Арафат Муареми, директор на Управата за финансиска полиција.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за инвестирање во животната средина за 2021 година и условно ја донесе Програмата доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата достави решение по истата.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за водостопанство за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го донесе најновиот текст на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 22

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров, за наредната седница на Владата.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Острата Скрка“ Општина Струмица и „Мирковец“ Општина Василево, со предлог - решенија, ја усвои Информацијата и ги донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Острата Скрка“ Општина Струмица и Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Мирковец“ Општина Василево, со заклучок Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да достави номинации за членови и заменици на членовите по истите.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Омнибус Амандман на Договорите за заем со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, со текст на Омнибус Амандман и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Омнибус Амандманот на Договорите за заем со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Омнибус Амандманот на Договорите за заем со Светска банка.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за текот на постапката пред Управен суд против Одлука на Државната комисија за жалби по јавни набавки за поништување на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Душегубица“ на користење - концесија, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 22 од 31.1.2020 година), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја информира Владата за одлуките на Управниот суд по повод жалбите поднесени против решенијата на Државната комисија во рок од седум дена по приемот на одлуките со предлог за понатамошно постапување.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовна зона „Акумулација Тиквешко Езеро”, со Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија на мало и големо извоз-увоз „Ивила“ ДООЕЛ Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Златко Вангелов, ул. „Желковец“ бр.9 Кавадарци со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул. „Словенска“ бр.38, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба (нов текст), во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за укинување на увозните давачки - царинските стапки на одделни суровини и репроматеријали кои се употребуваат во преработувачката индустрија, во предложениот текст.

Истовремено, укинувањето на увозните давачки - царинските стапки на одделни суровини и репроматеријали кои се употребуваат во преработувачката индустрија ќе биде прва мерка од Петтиот пакет економски мерки за справување со последиците од КОВИД - 19.

Исто така, да се има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Липково, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 32

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за основање на туристичка развојна зона „Љубаништа 1“, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

Истовремено, Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и предлагачот при доставувањето на материјалите во владина постапка, кои се однесуваат на правичната застапеност на граѓаните на Република Северна Македонија од сите етнички заедници, како и за употребата на јазикот кој го зборуваат најмалку од 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, различен од македонскиот јазик и неговото писмо, да побараат мислење од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

## Точка 34

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

Истовремено, Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и предлагачот при доставувањето на материјалите во владина постапка, кои се однесуваат на правичната застапеност на граѓаните на Република Северна Македонија од сите етнички заедници, како и за употребата на јазикот кој го зборуваат најмалку од 20% од граѓаните на Република Северна Македонија,

различен од македонскиот јазик и неговото писмо, да побараат мислење од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.
Истовремено, Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и предлагачот при доставувањето на материјалите во владина постапка, кои се однесуваат на правичната застапеност на граѓаните на Република Северна Македонија од сите етнички заедници, како и за употребата на јазикот кој го зборуваат најмалку од 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, различен од македонскиот јазик и неговото писмо, да побараат мислење од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за категоризација, обем на користење и работно време на граничните премини, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година и ја донесе Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, со заклучок текстот на истата да се измени во насоки:

1. Во делот I - Акти и материјали по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија:

- Рокот на Предлогот на закон за службеници во одбраната наместо февруари да биде јули.

- Рокот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување (пиротехничари) наместо септември да биде мај.

- Да се избрише Предлогот на закон за буџети.

2. Да се направи соодветна корекција на ЕПП броевите, согласно расправата на седницата на Владата.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол за изменување и дополнување на Договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, со Нацрт - текст на Протокол и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Протоколот за изменување и дополнување на Договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот и членовите на делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протоколот за изменување и дополнување на Договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Нацрт-протоколот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува делегацијата на Република Северна Македонија, по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Протоколот.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија, во предложениот текст.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, до Министерството за внатрешни работи да достави номинации за раководител и заменик - раководител во Меѓуресорската работна група.

3. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги и Државниот завод за статистика, во рок од седум дена, до Министерството за внатрешни работи да доставаат номинации на свои претставници за членови и нивни заменици во Меѓуресорската работна група.

4. Се препорачува на МАРРИ Регионалниот центар, ИОМ - Меѓународна организација за миграции, Канцеларијата на УНФПА - Фонд за население на Обединети нации, ИЦМПД - Меѓународен центар за развој на миграциона политика и Канцеларија на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР), во рок од седум дена, до Министерството за внатрешни работи да достават номинација на свои претставници во Меѓуресорската работна група.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи. во рок од седум дена од добивањето на номинациите, да достави до Владата предлог - решение за именување на раководител, заменик - раководител, членови и заменици членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договорот за правниот статус на мисиите и претставниците на трети држави при Организацијата на Северноатлантскиот договор, со текст на Договорот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Договорот за правниот статус на мисиите и претставниците на трети држави при Организацијата на Северноатлантскиот договор.

2. Се определува Дане Талески, амбасадор, постојан претставник во Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел во името на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за правниот статус на мисиите и претставниците на трети држави при Организацијата на Северноатлантскиот договор.

**Точка 41**

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за завршените преговори за усогласување на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република кој се однесува на основањето и на активностите на Француската агенција за развој, на Пропарко и на Експертиза Франција во Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договорот и го прифати Извештајот со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република кој се однесува на основањето и на активностите на Француската агенција за развој, на Пропарко и на Експертиза Франција во Република Северна Македонија.

2. Го определи д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Француската Република кој се однесува на основањето и на активностите на Француската агенција за развој, на Пропарко и на Експертиза Франција во Република Северна Македонија.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 42

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потпишување на Писмо за спогодба меѓу Република Северна Македонија и Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал, со Писмо за спогодба, ја усвои Информацијата и го овласти Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, да го потпише писмото за спогодба меѓу Република Северна Македонија и Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии - фискалните импликации кои ќе се јават како резултат на спроведување на одредбите од Писмото за спогодба со Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал, релевантните институции да ги реализираат во рамките на одобрените буџети во соодветната фискална година.

## Точка 43

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на студиските програми од втор циклус на студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Законот за употреба на јазиците и унифицирање на пишаната форма во Владата на Република Северна Македонија и во Собранието на Република Северна Македонија и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат сите министерства во иднина при доставувањето на предлозите на закони во Владина постапка да ја почитуваат унифицираната пишана форма, согласно Законот за употреба на јазиците.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за мрежата на здравствени установи, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Неготино“ - Неготино од областа на неврологијата (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом Куманово, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот и активностите како и за потребата за потпишување на Анекс на договорот за градба на Клиничка болница Штип, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство да започне постапка за потпишување на Анекс кон Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, да ја извести Банката за развој на Советот на Европа како кредитор и по добивање на официјално претходно одобрение (No Objection) да го склучи Анексот кон Договорот за изведба на Клиничка болница Штип (по предложениот текст).

## Точка 50

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Годишниот извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2019 година, со текст на Годишен извештај и заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со Годишниот извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2019 година, со текст на Годишен извештај.

2. Го усвои Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2019 година и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, во рок од една недела.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ѓултен Мустафова, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука (нов текст), во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 52

Владата ја разгледа Предлог-декларацијата за осуда на бугарските национал-шовинистички претензии и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија нагласува дека во досегашниот ангажман активно се залага за остварување на нашите стратешки цели - унапредување на добрососедските односи и членството во Европската Унија.

Влошувањето на комуникацијата со нашите соседи дополнително може да му наштети на процесот за изнаоѓање на разумни решенија, особено во контекст на уверувањето на земјите-членки на Европската Унија и нашите меѓународни пријатели, при презентирањето на нашата аргументација, нашиот позитивен пристап, оправданоста на нашите позиции и очекувања во процесот на нашата интеграција во Европската Унија.

Дополнително, тоа може да биде искористено и за нови меѓусебни обвинувања што ќе влијае врз напорите за унапредување на билатералната комуникација и добрососедските односи, како и за разгорување на внатрешно-политички прилики во двете земји, што дополнително ќе ги оптовари нашите стратешки интереси.

Владата на Република Северна Македонија настојува сите отворени прашања и аргументи да бидат третирани во рамките на постојните механизми, во случајот на Република Бугарија, пред се тоа е Договорот за пријателство, добрососедство и соработка, во чии рамки се вклучени различни форми на соработка - како најдобар начин за валоризирање на меѓусебните односи и постигнувања. Помеѓу нив, се вбројува и работата на билатералната Мултидисциплинарна заедничка комисија за историски и образовни прашања, во која би требало да се канализираат и решаваат сите видови на историски и образовни дилеми и заеднички одлуки во врска со одбележувањето на заеднички личности и настани.

**Точка 53**

Владата на предлог на м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, го одложи разгледувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акционен план на Стратегијата, за наредната седница на Владата.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Годишната програма за работата на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 106 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија е должна на секои пет години да донесе Стратегија за развој за наредните пет години, која содржи и годишни планови за имплементација, што се ревидираат секоја година врз основа на анализа на спроведувањето на стратегијата.

Според став 2 од овој член, Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија донесува Годишна програма за работа и истата е должна да ја достави до Собранието најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи: програма за работа за наредната година со планирани активности, особено за исполнување на програмските обврски на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија, согласно овој закон и финансиски план за наредната година, кој ги содржи планираните приходи и расходи на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за наредната година групирани по структура и по

организациона структура на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија, како и предвидените капитални инвестиции на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија.

Според став 3 од овој член, во прилог на Годишната програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за наредната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за тековната година, а според став 4 од овој член, финансискиот план од ставот 2 алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието, најдоцна до 31 декември во тековната година.

По однос на текстот на Предлог - одлуката за одобрување на финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2021 година, начелно од формално-правен аспект се укажува на следното:

- Правниот основ за донесување на предметната одлука ќе треба да се преработи на начин што ќе се наведе дека основ за предметната одлука е членот 106 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20);

- Во насловот и во членот 1 на предлог - одлуката ќе треба да се наведе точниот назив на јавното претпријатие за кое се одобрува Финансискиот план за 2021 година.

Во последниот Извештај на Европската Унија за напредокот на земјата, се наведува дека „реформата на јавниот радиодифузен сервис е во рана фаза и треба да ѝ се даде приоритет. Во наредната година особено треба да се зајакне независноста и капацитетот на јавниот радиодифузен сервис преку одржливи решенија, професионални стандарди и финансиска одржливост, што ќе овозможи зголемена ефективност на неговото работење и управување".

Оттука сметаме дека во континуитет треба да продолжат реформите за остварување на целосна уредувачка независност на јавниот радиодифузен сервис, преку зајакнување на неговите професионални и кадровски капацитети, притоа земајќи ја предвид и улогата на јавноста, која треба да биде навремено, објективно и точно информирана.

Врз основа на ова, како и минатите години укажуваме дека во Годишната програма за работа на Македонската радиотелевизија за 2021 година, покрај предложената програмска шема на програмските сервиси особено треба да бидат прикажани и активностите во однос на реформите, како што се:

- Почитување на професионалните и етички новинарски стандарди, односно целосна имплементација на членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој ги опфаќа стандардите и начелата и од каде произлегува

должноста за обезбедување уредувачка независност, вистинитост, непристрасност, објективност, избалансираност, разновидност на гледиштата и сеопфатност во информирањето,

- Обезбедување отчетност спрема јавноста т.е. обезбедување на механизам за жалби и реакции од јавноста во однос на почитување на професионалните и етичките стандарди во емитуваните програми,

- Обезбедување континуирани обуки и едукација на медиумските работници, особено на новинарите за почитување на професионалните и етички новинарски стандарди.

Врз основа на доставените проекции на приходната страна за 2021 година, може да се утврди дека Јавното претпријатие планира да реализира приходи во вкупен износ од 1.022.500.000 денари. Во однос на реализираното во претходната година, кај приходите постои зголемување од 5,35 %, кое произлегува од планираниот повисок износ на приходи од маркетинг.

Во структурата на приходи за 2021 година, најголемо е учеството на планираните приходи од Буџетот, кои се утврдени на износ од 894.000.000 денари. Врз основа на ова упатуваме на потребата од евентуална корекција на првично планираниот износ на планот на Јавното претпријатие, имајќи го предвид одобрениот износ на средства за оваа намена со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Расходната страна на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2021 година е утврдена на износ од 1.022.500.000 денари (зголемување од 7,04 % во однос на 2020 година), во чиј износ влегува и износот на средства предвиден за инвестиции од 7.300.000 денари.

Во вкупниот износ на расходи, позначајно учество имаат следните позиции: трошоци за вработени, трошоци за енергија, трошоци за амортизација, програмски права и други трошоци во работењето. Во однос на проектираните износи на помалку продуктивни расходи (регрес за годишен одмор, јубилејни награди на вработени, патни трошоци, технички услуги, трошоци за проект Евровизија и друго), укажуваме на потребата да се разгледа можноста истите да се ревидираат во насока на нивно намалување.

Исто така, во однос на зголемувањето кај трошоците за вработени, укажуваме на потребата подетално да се образложат причините за планираното зголемување, пред се во делот на бруто плати. Согласно ова, планираниот износ за плати потребно е подетално да се образложи, така што ќе бидат дадени податоци за:

- број на постојни вработени на определено и неопределено време за кој се однесува реализацијата за 2020 година;

- број на постојни вработени на определено и неопределено време за 2021 година и вкупно планиран износ за плати за истите (со пресметка за начинот на утврдување на износот),

- број на планирани нови вработувања на определено и неопределено време, согласно Годишен план за вработување за 2021 година (претходно одобрен од надлежните институции) и вкупно планиран износ на плати за истите;

- планиран број на испразнети работни места по основа на пензионирање и други основи и

- динамика на пополнување и испразнување на работни места, по месеци.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија укажува на потребата Годишната програма за работа Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2021 година да се дополни и коригира, согласно горенаведените забелешки.

## Точка 55

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на членот 45 од Законот за урбанистичко планирање поднесено од градоначалникот на Општина Центар и притоа го утврди следното мислење:

Со член 45 од Законот за урбанистичко планирање е регулиран начинот на кој ќе се спроведува изборот на изработувачот на урбанистичките планови и урбанистичките проекти, односно вршителот на работите од урбанистичкото планирање.

Изборот на изработувачот на урбанистичките планови и урбанистичките проекти, односно вршителот на работите од урбанистичкото планирање, се врши на три начини:
1. Изборот е уреден со одредбите на овој закон,
2. Изборот се врши врз основа на јавен повик согласно одредбите на овој закон и
3. Изборот го вршат заинтересираните правни и физички лица што го иницирале и го финансираат изработувањето на планот.

Во однос на првиот начин на избор, истиот се однесува на избор на вршител на работите од урбанистичкото планирање за работите што ги вршат Агенцијата за планирање на просторот и Јавната установа за урбанизам, при што истиот е уреден со актите за нивно основање.

Во однос на вториот начин на избор, истиот се однесува кога за вршење на работите од урбанистичкото планирање за планови и проекти кои се финансирани со

средства од буџетот на општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, изборот се врши со јавен повик уреден со овој закон, од редот на правните лица со лиценца за изработување на урбанистички планови.

И во однос на третиот начин на избор, истиот се однесува кога за вршење на работите од урбанистичкото планирање за планови и проекти кои се финансирани со средства од страна на заинтересирани правни и физички лица од членот 40 од овој закон, изборот се врши од страна на заинтересираните лица, од редот на правните лица со лиценца за изработување на урбанистички планови.

Понатаму, конкретно во однос на вториот начин за избор со јавен повик, со член 45 став (5) од Законот за урбанистичко планирање е предвидено дека Јавниот повик за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти го спроведува Комисија за спроведување на постапка за јавен повик за изработување на урбанистички планови и проекти, која е формирана од страна на градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје, а која е составена од три члена, од кои најмалку два се стручни лица архитекти урбанисти, а другите се овластени стручњаци од областите што се релевантни за конкретниот зафат.

Согласно член 45 став (6) од Законот, на јавниот повик може да се пријават правни лица кои имаат лиценца за вршење на работите од урбанистичкото планирање.

Согласно член 45 став (7) од Законот, е предвидено дека јавниот повик се објавува преку информацискиот систем е-урбанизам и на веб-страницата на општината, а согласно ставот (8) е предвидено што се треба да содржи јавниот повик.

Имајќи предвид дека јавниот повик за избор на вршител на работите од урбанистичкото планирање е уредено на посебен начин согласно овој закон, во ставот (9) се предвидени критериумите кои треба да бидат исполнети за да се додели договор на јавниот повик, а кои критериуми се содржани во јавниот повик.

Причините заради кои е предвидена посебна постапка за јавен повик според која треба да се изврши избор на вршител на работи од урбанистичкото планирање, се со цел да се обезбеди подобрување на квалитетот во изборот на изработувачи на урбанистички планови и урбанистички проекти при носењето на одлука од страна на градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје.

Во таа насока е и ставот (14) од истиот член, согласно кој е предвидено дека незадоволните понудувачи имаат право на жалба на одлуката на градоначалникот до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, од каде произлегува дека ова е управна постапка согласно правните лекови, степенот на одлучување и надлежните органи кои одлучуваат во истата.

Во однос на особено сложени и значајни подрачја и градби, согласно ставот (16) од истиот член е предвидено дека изборот на изработувачот на урбанистичкиот план и урбанистичкиот проект треба да се изврши на транспарентен начин по пат на распишување на јавен конкурс за урбанистичко - архитектонско решение, при што авторот за највисоко рангираното решение станува и изработувач на планот, доколку ги исполнува и другите општи услови пропишани со овој закон.

Постапката за објавување на јавен конкурс, согласно став (18) од истиот член е предвидено да е подетално уредена со подзаконски акт за начинот, содржината и формата на спроведување на различните видови на јавни конкурси за урбанистичко - архитектонско решение кој го пропишува министерот кој раководи со државниот орган надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, на предлог на професионалното одделение на овластени архитекти урбанисти на Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Имајќи го предвид горенаведеното, а заради постигнување на целта за обезбедување на поголем квалитет во изборот на изработувачи на урбанистички планови и урбанистички проекти, дотолку повеќе што во Глава IX Преодни и завршни одредби, Подглава 1. Одредби од други закони што ја уредуваат материјата што се уредува со овој закон спротивно на неговите одредби, со членот 92 од Законот за урбанистичко планирање, е предвидено дека „Одредбите од постојните закони кои ги уредуваат прашањата во врска со урбанистичкото планирање што се уредени со овој закон треба да се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“, потребно е од страна на Министерството за финансии да се изврши усогласување на одредбите од Законот за јавни набавки со новиот Закон за урбанистичко планирање.

<u>Точка 56</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 57 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), поднесено од пратеникот Диме Велковски и притоа го утврди следново мислење:

Имајќи ги предвид материјалните одредби од Глава VIII (Услови и начин на вршење на работите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија) односно член 99 и член 101 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 275/19), со кои се регулирани начинот, постапката и условите за стекнување на надлежност за вршење на работите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, од страна на општините, општините во град Скопје и Градот Скопје, како и имајќи предвид дека за истите одредби согласно одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) не се извршени измени и

дополнувања, примената на материјалните одредби од член 57 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) е во насока на престанување на надлежноста на Министерството за транспорт и врски да ги врши работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со тоа што надлежностите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија исклучиво ќе ги вршат општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје кои ги имаат исполнето условите предвидени согласно материјалните одредби од член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) и за кои е донесена Одлука од Владата на Република Северна Македонија, додека во однос на општините, општините во град Скопје и градот Скопје кои нема да ги исполнат условите, а со тоа не ја преземале надлежноста за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, потребно е да се имаат предвид одредбите од член 48 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19).

Согласно наведеното, а пред се од причина што согласно материјалните одредби од член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје можат да ги вршат работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, само доколку ги исполнат предвидените законски услови, а согласно материјалните одредби од член 57 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) надлежностите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија исклучиво ќе ги вршат општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, Владата на Република Северна Македонија смета дека е потребно да се даде автентично толкување на одредбите од член 57 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) во поглед на тоа што општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, задолжително е потребно претходно да ги исполнат законските услови за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за да се стекнат со надлежност за вршење на работите со донесување на одлука од Владата на Република Северна Македонија, додека одредбите од член 57 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) се во насока на завршување на процесот на децентрализација при тоа исклучувајќи ја само можноста на Министерството за транспорт и врски да ги врши работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, а определувајќи дека надлежноста ќе се врши исклучително од страна на општините, општините во град Скопје и Градот Скопје, но со истите одредби не

се исклучува примената на одредбите од член 99 и член 101 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19).

## Точка 57

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за состојбата со тутунот од реколта 2020-2021 заклучно до 21.12.2020 година, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Истовремено, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви заедничко мислење во соработка со Министерството за финансии и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

## Точка 58

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Сашо Хилјадников од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.279/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 20 од Правилникот за начинот на спроведување на возачки испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата го оспорува членот 20 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално - техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар, од аспект на поништувањето на теоретскиот дел, ако кандидатот за возач не го положи практичниот дел од возачкиот испит во рок од една година од полагањето на теоретскиот дел од возачкиот испит и цени дека е во спротивност со член 394 став (12) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19).

Наодите на подносителот на иницијативата се неосновани од следните причини:

Членот 394 став (1) алинеја 12 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), го содржи основот за донесување на подзаконски пропис, односно овластување на министерот за внатрешни работи да донесе пропис за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално - техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар.

Оттука, произлегува дека членот 20 од Правилникот не е во спротивност со членот 394 став (1) алинеја 12 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, кој го содржи основот за донесување на подзаконскиот пропис.

Имено, член 20 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално -техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар, се однесува на кандидатот за возач на моторно возило кој го положил теоретскиот дел од возачкиот испит, може да го полага практичниот дел од возачкиот испит (прв и втор дел) во период од една година од денот кога го положил теоретскиот дел од возачкиот испит. Кандидатот за возач на моторно возило кој нема да го положи практичниот дел од возачкиот испит во утврдениот рок на овој член, го полага повторно теоретскиот дел од возачкиот испит.

Согласно член 281 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), ставови (1), (2) и (3), оспособувањето на кандидат за возач е наставен процес кој задолжително се спроведува според Наставен план за обука на кандидати за возачи. Оспособувањето е задолжително и се спроведува за секој кандидат за возач. Наставниот план задолжително ги опфаќа следниве наставни програми: сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) управување со возило (практичен дел) и укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода. Во Правилникот за програмата за проверка на знаење на кандидат за возач („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2017), се уредува Програмата за проверка на знаење на кандидат за возач (теоретски дел).

Целта на нормирање на наведената одредба, односно теоретскиот дел од возачкиот испит, кандидатот за возач да може да го полага практичниот дел од возачкиот

испит (прв и втор дел) во период од една година од денот кога го положил теоретскиот дел од возачкиот испит, е од аспект на нивната комплементарност. Имено, доколку кандидатот за возач во период од една година, од кога го положил теоретскиот дел од возачкиот испит, не го положи практичниот дел од возачкиот испит (прв и втор дел), мора повторно да го полага теоретскиот дел. Теоретскиот дел, опфаќа прописи за безбедност на сообраќајот на патиштата, сообраќајни знаци што ги даваат униформирани полициски службеници, правила на сообраќајот, опасности и последици кои настануваат поради непрописно или неправилно преземање на дејствија во сообраќајот на патиштата, негативно влијание на некои фактори за безбедноста на сообраќајот на патиштата, возачи на возила на моторен погон, уреди и опрема на моторно возило што се од значење на безбедноста на сообраќајот на патиштата, хумани односи и етика на сообраќајот, солидарност спрема другите учесници во сообраќајот, должности во случај на сообраќајна незгода и посебни мерки на безбедност.

Прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно одредени правила во сообраќајот, може да подлежат на одредени измени. За таа цел е нормирана одредбата, доколку во рок од една година не го положи практичниот дел од испитот, кандидатот за возач повторно треба да го полага и теоретскиот дел. Имено, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и други прописи кои се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата се менуваат и дополнуваат, во зависност од нови околности, услови што треба да се исполнат, усогласување со европското законодавство и слично. Доколку оваа констатација на подносителот на Иницијативата, се однесува на правила на сообраќајот, сообраќајните знаци, се укажува дека и овој дел е подложен на промени (на пример: ограничување на брзината на движење на возилата на населено место од 60 км/час на 50 км/час). Во прилог на наведеното е и фактот што некои од сообраќајните правила не се универзални за сите држави, туку е оставена можност на државите во националните законодавства да ги уредат согласно сопствените специфики.

Безбедност на сообраќајот на патиштата е сензитивна област, од повеќе аспекти секоја повреда може да доведе до одредени последици, како и до соодветни прекршоци или кривични дела.

За таа цел, потребно е постојно следење и познавање на прописите во однос на безбедноста на сообраќајот на патиштата, посебно од страна на сите учесници во сообраќајот.

Согласно член 294 став (1) Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата возачкиот испит претставува една целина и се состои од полагање на два дела од испитот и тоа сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и управување со моторни возила (практичен дел). Теоретскиот дел од возачкиот испит е само дел од возачкиот испит, а не засебна целина. Законодавецот уредил временска условеност за полагање на практичниот дел во зависност од денот на полагање на теоретскиот дел. Имено, согласно член 10 став (3) од Правилникот, на кандидатот за возач му се

овозможува полагање на возачкиот испит најдоцна 15 дена од денот на приемот на пријавата за полагање, со што произлегува дека кандидатот за возач по полагање на теоретскиот дел е во можност во повеќе наврати да го полага практичниот дел од возачкиот испит.

Аналогијата што ја прави подносителот на Иницијативата помеѓу спроведувањето на возачкиот испит и средното образование не е соодветна, со оглед на фактот што за завршување на секоја година од средно образование се издава свидетелство, а кај возачкиот испит, односно стекнување на правото на управување со моторно возило и издавање на возачка дозвола е уредено во посебен закон и тоа не е дел од образовниот процес.

Постапката на стекнување на право на управување на возила и издавање на возачка дозвола опфаќа: оспособување на кандидат за возач кои ги спроведуваат автошколите и завршува со издавање на „потврда за оспособеност на кандидат на возач на моторно возило“, полагање на возачки испит на кандидат за возач, кој го спроведуваат испитните центри и се издава уверение за положен возачки испит и издавање на возачка дозвола, постапка која се води од страна на Министерството за внатрешни работи.

Во однос на споредбата со Законот за прекршоци од страна на подносителот на Иницијативата, со кои се уредуваат роковите за застареност е несоодветна, со оглед на фактот што прекршочната постапка опфаќа одредени правни дејствија и целосно е неспоредлива со полагањето на возачкиот испит.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорената одредба од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално - техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата и да донесе Решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 20 од Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално - техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102145 за КО Бутел, Имотен лист бр.101548 за КО Бутел, Имотен лист бр.101267 за КО Бутел и Имотен лист бр.101671 за КО Бутел и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули за продажба на недвижен имот што се наоѓа на КП 700, дел 2, викано место/улица Два Бреста, катастарска култура класа 4, со површина од 8972 м2, запишано во Имотен лист бр.473 за КО Страчинци и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понуда од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10047 за КО Караорман, на КП бр.1631, м.в. Село и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4488 за КО Драчево 2, на КП бр.9609 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101221 за КО Охрид 4 на КП бр.1644 викано место/улица „Трново“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2085 за КО Злокуќани на КП бр.7060 викано место/улица с. Злокуќани и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.38 за КО Бутел на КП бр.5675 викано место/улица „Железарска“, со дополнувањето и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи за купопродажба на недвижен имот со КП 4146, дел 1 и КП 4146, дел 16, запишани во Имотен лист бр.23446 за КО Сингелиќ 1 и КП 4146, дел 2 запишан во Имотен лист бр.23445 за КО Сингелиќ 1 и по Понудата го усвои најновото Известување на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Катерина Кокина од Скопје, за трета усна јавна продажба, доставен под И.бр.1866/15, што ќе се одржи на 20 јануари 2021 година и по Известувањето го усвои Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 68**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 69**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 9 јануари 2021 година до 15 јануари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог - законот за изменување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.44-8866/1 од 27 септември 2020 година.

**3.** Владата го разгледа Извештајот од 21-та седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, одржана на 18 јануари 2021 година и притоа заклучи:

- Сите финансиски извештаи (тромесечни, полугодишни и годишни), кои се доставуваат на разгледување во Владина постапка, нема да бидат разгледани, доколку листата од 22 обврзувачки информации и документи согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер не бидат објавени на веб-страниците на предлагачите, согласно Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи предлагачот согласно прифатените укажувања од Мислењето на Министерството за финансии (во делот на испразнетите работни места во 2020 и 2021 година по основ на пензионирање), реализацијата на Годишната програма да ја спроведе во рамките на утврдениот буџет на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 71**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи предлагачот согласно прифатените укажувања од Мислењето на Министерството за финансии (во делот на испразнетите работни места во 2020 и 2021 година по основ на пензионирање), реализацијата на Финансискиот план да ја спроведе во рамките на утврдениот буџет на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 72**

Владата го разгледа Планот за годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи предлагачот согласно прифатените укажувања од Мислењето на Министерството за финансии (во делот на испразнетите работни места во 2020 и 2021 година по основ на пензионирање), реализацијата на Годишната инвестициона програма да ја спроведе во рамките на утврдениот буџет на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2021 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на активностите (постапување по исходите), кои произлегуваат од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016 - 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус-производи од животинско потекло, како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи мислења да достават Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 75**

Владата го разгледа Ревизорскиот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Годишна сметка за 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Централниот регистар на Република Северна Македонија да постапи по наодите од Извештајот на овластениот ревизор и во рок од три месеци да ја информира Владата за преземените активности.

Исто така, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 76**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година (полугодишен извештај за периодот септември 2019 година - март 2020 година), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

**Точка 77**

Владата го разгледа новиот текст Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерство за труд и социјална политика (за период јули - ноември 2020 година), како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата со акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година во ЈЗУ Општа болница Кавадарци со проширена дејност, како материјал за информирање.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии-да се спроведат сите препораки кои не се спроведени досега, како и укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Третман на отпадни води во Кочани", како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови" со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 81

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-план за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програма К-5 (нов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои Планот за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К5 програмата.

2. Министерството за финансии дава општа согласност на Планот за преземање на не распределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К5 програмата.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од седум дена од приемот на актите за систематизација од органите на државната управа, односно институциите кои немаат статус на орган на државна управа усогласени според распоредувањето во Планот за преземање на не распределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К5 програмата, во рамки на своите надлежности и овластувања да ја заврши постапката на давање согласност на актите за систематизација на работни места.

4. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во рок од 15 дена по усвојување на Планот, да подготви поединечни решенија за трајно упатување на не распределените административни службеници во органите на државната управа, односно институциите кои немаат статус на орган на државна управа опфатени во Планот за преземање на не распределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К5 програмата.

5. Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа опфатени во Планот за преземање на не распределените административни службеници од

Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К5 програмата, во рок од 5 дена од приемот на решението за трајно упатување на не распределените административни службеници, да подготват и донесат поединечни решенија за распоредување на секој вработен кој потпишал изјава за прифаќање на решението за трајно упатување.

6. Се задолжуваат органите на државна управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа за вработените кои ќе ги преземат, да организираат стручно усовршување со цел унапредување на нивните знаења и вештини во извршувањето на работите и работните задачи предвидени со работното место на кое ќе бидат распоредени.

7. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 30 дена од приемот на барањето од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, да ги евидентира на трансфер листата на можни преземања вработените кои нема да ја потпишат изјавата за прифаќање на решението за трајно упатување.

8. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, месечно да ја информира Владата за текот и прогресот на реализацијата на обврските во врска со реализација на Планот за преземање на не распределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К5 програмата, до целосно завршување на постапката за преземање на административните службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К5 програмата.

9. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија врз основа на поединечното решение за трајно упатување, изјавата за прифаќање на решението за трајно упатување и решението за распоредување да направи одјава од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и пријава на вработениот во органот на државна управа, односно институцијата која нема статус на орган на државна управа согласно Планот за преземање на не распределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К5 програмата.

<u>Точка 83</u>

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за буџети, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска-Стрезоски,

раководител на сектор во Министерството за финансии и Тања Костовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за месец јануари 2021 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 25 јануари 2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со јануарските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 26 јануари 2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи, според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплата да се изврши на 26 јануари 2021 година (вторник);

- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплата да се изврши на 27 јануари 2021 година (среда);

- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплата да се изврши на 28 јануари 2021 година (четврток) и

- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 29 јануари 2021 година (петок).

## Точка 85

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници Фросина Тасевска, државен секретар во Министерството за правда и Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 86

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за формирање на Работна група за подготовка на методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди и ја донесе Одлуката со следниве заклучоци:

1. Точка 4 од Одлуката да се избрише.

2. Се задолжува работната група да го одржи првиот состанок, најдоцна до петок 22 јануари 2021 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 87</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставен Повик за донација од Здружението на граѓани Обнова Глобал - Струмица и ја усвои со следниов заклучок:

- Се препорачува на сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како на приватниот сектор, имајќи ги предвид хуманизмот и солидарноста како темелни вредности на уставниот поредок, во рамките на своите финансиски можности да донираат средства на Здружението на граѓани Обнова Глобал - Струмица со цел обновување и реконструкција на опожарениот објект на ГТЦ Глобал - Струмица.

**<u>Точка 88</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, го утврди и заклучи текстот на истиот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Елена Манчева, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Солза Ковачевска, државен советник во Министерството за информатичко општество и администрација.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:10 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |